СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 224/2021
Дата: ....19-02-2021

**До: ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

**Предмет: Известување (Одговор на барање)**

**Врска:** Ваш бр. 10-159/1 од 12.02.2021 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање (допис бр. УП1-15 224/2021 од 16.02.2021 год.) за поништување на издаденото **Решение за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за изградба на станица за точење на течни горива со придружни објекти на КП 32/1, м.в. Долно Поле, КО Прждево, Општина Демир Капија**, Ве известуваме следново:

Министерството за животна средина и просторно планирање, го има издадено Решението за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за изградба на станица за точење на течни горива со придружни објекти на КП 32/1, м.в. Долно Поле, КО Прждево, Општина Демир Капија (Решение бр. 15-3476/4 од 13.05.2009 год.), врз основа на Елаборат, со тех. бр. Y06609, изработен од Агенцијата за планирање на просторот, врз основа на барање на инвеститорот Ванчо Неделков.

Ова Решение е издадено согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/05 и 137/07), кој беше во сила кога е доставено барањето. Согласно овој закон, како и согласно Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), кој во моментов е во сила: „Услови за планирање на просторот не се бараат при изработувањето на урбанистички планови и измени и дополнувања на урбанистички планови доколку тие се прават во периодот кога е на сила истиот Просторен план на Република Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат.", односно „Услови за планирање на просторот не се обезбедуваат кога на сила е истиот Просторен план на Република Северна Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат".

Ова значи дека издадените Услови за планирање на просторот сѐ уште имаат важност, бидејќи Просторниот план на Република Македонија според кој истите се издадени сѐ уште е во сила.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

Со оглед на тоа што Решението бр. 15-3476/4 од 13.05.2009 год., е правосилно, барање за негово поништување може да поднесе само имателот - Ванчо Неделков, на кого гласи Решението, или пак Вие да доставите писмена согласност од истиот.

Со почит,

**М И Н И С Т Е Р**
**Naser Nuredini**

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Дејан Гацовски

Одобрил: Неби Реџепи